# Занает

информации за занаетчиите и занаетчиството во Македонија

Весникот го издаваат Занаетчиската комора на Р. Македонија и Занаетчиската комора Кобленц

ЗКРМ
ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

HWK Ost-West GmbH

Јули, 2010 Број 3


# Стратешка соработка за зајакнување на занаетчиството




**Годишни собранија на ЗКРМ, МББ, БСЖЗ**

следува на страна 4, 5 и 6

**Инвестираме во идниот занаетчиски кадар**

следува на страна 8

**Мајсторството-посебен тип на пост-средно образование**

следува на страна 10 и 11

# Новина во законската регулатива за инспекција

## Информативна сесија за презентација на Законот за инспекциски надзор




По официјализирањето на соработката (од лево) г-ѓа Оливија Штерјова-Проектен координатор на Занаетчиската комора Кобленц, Министерот за правда, г-дин Михајло Маневски, Директорот на Државниот управен инспекторат г-дин Димитар Ѓеоргиевски, Претседателот на Занаетчиската комора Кобленц г-дин Вернер Витлих и Проектниот координатор за Југисточна Европа г-ѓа д-р Евелина Парванова. Фото:ЗКРМ

На 2 јуни 2010 година во хотел Холидеј ин, Скопје се одржа Информативна сесија за презентација на Законот за инспекциски надзор во организација на Занаетчиската комора Кобленц - Претставништво Скопје, Занаетчиската комора на Република Македонија, Унијата на германските комори за индустрија и трговија - Претставништво Скопје, Македонско-германското стопанско здружение и Министерството за правда на Република Македонија.

Целта на сесијата беше да се презентира Законот за инспекциски надзор кој ќе почне да важи од 01.01.2011 година.

Поздравни обраќања на сесијата имаа: Министерот за правда на Република Македонија г-дин Михајло Маневски, Претседателот на ЗК Кобленц, г-дин Вернер Витлих, Заменик - претседателот на Македонско-германското стопанско здружение г-дин Клаус Хаген и Првиот секретар на Амбасадата на Сојузна Република Германија, г-дин Франк Штосел.

Министерот за правда Михајло Маневски посочи дека инспекторите треба да ги преземаат овие мерки согласно закон, неопходни за успешно извршување на испекцискиот надзор и за отстранување на недостатоците, при што треба да се внимава да не се попречи ефикасното функционирање на субјектот каде се врши надзорот, додека при рокот што се дава за отстранување на недостатоците да се раководи според тежината на недостатокот и штетните последици кон јавниот интерес или интересот на трети лица.

Тој додаде дека во вршењето на испекцискиот надзор инспекторите треба да вршат превентивна функција, а управните мерки и санкции да ги изрекуваат единствено тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот. „За да се спроведуваат законите доследно, потребен е надзор, што не треба да се чувствува како нешто туѓо, туку тој треба да биде составен дел од поддршката на стопанските субјекти на кои треба да им се укаже на определени неправилности. Надзорот треба да биде пропорционален и да биде пред се превентивен", истакна министерот Маневски „Занаетчиството има потреба од поволна клима за економско дејствување. На економскиот успех му е потребна лојална конкуренција и единствени предуслови. Само на тој начин најдобрите можат да ги покажат своите способности. Ова е дотолку поважно за занаетчиските фирми, кои по правило се мали претпријатија, за чија правна сигурност мора да гарантира државата", рече Витлих.

Според него, „Новиот Закон предвидува дека при неговата имплементација покрај државните власти можат да влијаат и други институции. Тргнувајќи од германската традиција, според која економијата е опфатена во самоуправувачките организации, тоа претставува еден важен аспект. Овие автономии во Германија ја имаат суверената задача сами да го реализираат надзорот на придржувањето кон законските прописи во поширока смисла". Говорејќи за улогата на занаетчиите тој истакна дека единствено квалификуваните лица можат да отворат фирма и ги истакна обемните задачи на стручното образование и обука, кои гарантираат дека поколенијата на малостопанството ќе уживаат во образование кое одговара на високите и модерни барања.

Тој потенцираше дека преку своите мрежи и информации македонските занаетчиски комори можат да дадат сигурен придонес за успешно имплементирање на Законот за инспекциски надзор а Занаетчиската комора Кобленц и нејзините експерти се подготвени и волни, да ги поддржат своите македонски колеги во сите активности.

Првиот секретар на германската Амбасада во Македонија Франк Штосел смета дека овој закон, кој како што рече е нов и доста добар, не треба да биде злоупотребен од ниедна страна, ниту од стопанствениците ниту пак од инспекциските служби.

„Овој закон не треба да преставува ѕид помеѓу државата и стопанството, туку мост на кој претпријатијата, стопанството, државата, заедно ќе одат во насока на уште подобар економски развој, подобра клима за инвестиции", рече Штосел.
Со законот, се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, организацијата на инспекциските служби, координацијата на инспекциските служби, правата и должностите на инспекторите, правата и должностите на субјектите на надзорот, постапката за вршење на инспекциски надзор и други прашања кои се однесуваат на инспекцискиот надзор.
На сесијата се потпиша и Меморандум за соработка со кој се воспостави соработка помеѓу Министерството за правда на РМ, ЗК Кобленц, СР Германија со ЗКРМ, Унијата на германските комори за индустрија и трговија - Претставништво Скопје и Македонско-германското стопанско здружение со цел обезбедување услови за доследна примена на Законот за инспекциски надзор и изготвување на подзаконските акти од истиот.
Законот за инспекциски надзор го образложија: Директорот на Државниот управен инспекторат г-дин Димитар Ѓеоргиевски, Директорот на Државниот пазарен инспекторат г-дин Виктор Дерменџиев и Директорот на Државниот инспекторат за животна средина г-дин Фирус Мемед.




Презентацијата на законот од страна на (од лево) г-дин Виктор Дерменџиев Директор на Државниот пазарен инспекторат, г-дин Димитар Ѓеоргиевски Директор на Државниот управен инспекторат и г-дин Фирус Мемед Директор на Државниот инспекторатза животна средина. Фото ЗКРМ

# Стратешка помош за македонското занаетчиство



Претседателот на Занаетчиската комора Кобленц г-дин Вернер Витлих и г-га д-р Евелина Парванова оствариja средба со Министерот за економија г-дин д-р Фатмир Бесими и Министерот за труд и социјална политика г-дин Џељаљ Бајрами. Фото: ЗКРМ



## Претседателот на Занаетчиската комора Кобленц се сретна со Министерот за економија и Министерот за труд и социјална политика на Република Македонија

Во рамките на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц и македонските занаетчиски комори, Претседателот на Занаетчиската комора Кобленц, г-дин Вернер Витлих имаше кратка посета на македонскиот главен град Скопје.
Тема на разговор со Министерот за економија г-дин д-р Фатмир Бесими и Министерот за труд и социјална работа г-дин Џељаљ Бајрами беше перспективите за натамошниот развој на македонското занаетчиство.
Поддршката на занаетчиството е заложба на Министерството за економија. За таа цел, со помош на експертите од Занаетчиската комора Кобленц ќе се изработи владина стратегија, истакна Министерот Бесими.
Министерот за труд и социјална политика г-дин Џељаљ Бајрами пред сè се интересираше за мерките за борба против невработеноста, особено онаа кај младите, мерки кои со години успешно ги презема Занаетчиската комора Кобленц.
Претседателот Вернер Витлих ги покани двата Министри на посета во Кобленц, каде би се потпишал Меморандум за соработка меѓу Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика од една страна и Занаетчиската комора Кобленц од друга.

# Македонија - балкански центар на занаетчиството

Трето Годишно собрание на Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство

На 27 април, 2010 година во Домот на занаетчиии во Скопје се одржа третото Годишно собрание на Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство (скратено МББ).
Оваа година Македонија преку ЗК Скопје беше почестена да биде домаќин на Годишното собрание на МББ. Во улога на член на Управниот одбор на Собранието присуствуваше и г-дин Александер Баден, Главниот извршен директор на Занаетчиската комора Кобленц кој ги поздрави присутните. По индивидуалните известувања за актуелностите во занаетчиството од секоја поединечна земја членка, Собранието заседаваше по усвоениот дневен ред.
Како резултат на работата на Собранието се изгласаа Годишната програма и Предлог буџетот за 2010 и се прифати Буџетот за 2009 година. Кон семејството на МББ, покрај досегашните членки од Македонија: ЗКРМ, ЗК Скопје, РЗК Куманово и РЗК Штип, пристапија и РЗК Струмица, РЗК Дебар, РЗК Гевгелија и Секцијата на фризери од Битола.



**Неколку информации за Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство (МББ)**
МББ вмрежува 28 организации од 10 балкански земји со цел разменување на информации и искуства за занаетчиството и малостопанството во балканскиот регион. Покрај организирањето на конференции и семинари на теми важни за занаетчиите, МББ организира и експертски работилници. Канцеларијата редовно ги информира своите членови за саеми, изложби, работилници и обуки од важност за занаетчиите.
МББ има важна олеснувачка и посредничка улога во развивање на можностите за соработка и воспоставување на контакти меѓу претпријатијата од регионот и од Европа, во тој контекст нуди и советодавни услуги и техничка експертиза.
МББ е продолжение на проектите кои Занаетчиската комора Кобленц ги развива со партнерските занаетчиски малостопански организации од Балканот и цели кон забрзување на развојот преку активна соработка на организациите од Југоисточна европа и Германија.
Повеќе за МББ можете да најдете на www.mbb-org.eu

# Меѓународен симпозиум - Имиџот на занаетчиството




(од лево) г-дин Александер Баден, Главниот извршен директор на Занаетчиската комора Кобленц, г-ѓа Оливија Штерјова, Проектен координатор на Занаетчиската комора, г-дин Никола Петров Претседател на Занаетчиската комора Скопје, Министерот за економија на Република Македонија, г-дин Фатмир Бесими. Фото ЗКРМ

На Меѓународниот симпозиум одржан во рамките на Годишното собрание на Балканската канцеларија за малостопанство и занаетчиство се дискутираше за имиџот на занаетчиството како фактор за европска ориентација на регионот на Југоисточна Европа.
Свои видувања и обраќања за темата имаа: Министерот за економија на РМ г-дин Фатмир Бесими, Главниот извршен директор на Занаетчиската комора Кобленц, г-дин Александер Баден, Претставникот на Амбасадата на Сојузна Република Германија, г-дин Франк Штусел и Претседателката на ДОМ, г-ѓа Лилјана Поповска.
Министерот за економија г-дин Фатмир Бесими во своето обраќање го истакна следново: „Развојот на малите и средните претпријатија и на занаетчиството, како движечки сили на секоја пазарна економија, останува еден од главните приоритети на македонската Влада, бидејќи придонесува кон одржување на традиционалните дејности, намалување на невработеноста, зголемување на општествениот производ и извозот."
Потенцирајќи ја улогата на занаетчиските комори во подобрување на квалитетот на услугите за занаетчиите, во делот на регистрација, едукација на занаетчиите и вршителите на занаетчиски дејности, како и мерките за поддршка и развој на занаетчиството, кои се дефинирани во Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП во 2010 година, Министерот Бесими додаде: „Придонес кон ова дава примената на Законот за вршење на занаетчиска дејност во РМ, кој претставува еден современ закон во кој се имплементирани директивите на ЕУ, со што им се овозможува на занаетчиите нивно организирање во регионални комори, со цел полесно регистрирање и поуспешно функционирање."
Осврнувајќи се на имиџот на занаетчиството, Главниот извршен директор на Занаетчиската комора Кобленц, г-дин Александер Баден го истакна следново: „Дури и на Германија, земја со успешен коморски систем, земја во која занаетчиството се јавува како главен обучувач на младите генерации и кое според официјални извори учествува со 30% во БДП и беше потребна имиџ-кампања."
Тој се задржа на конкретните резултати добиени од анкетата на јавноста за значењето на занаетчиство, потенцирајќи дека главни проблеми кои произлегле од анкетата биле непознавањето на различната понуда на занаетите, на модерните занаети и непостоењето на самосвест кај занаетчиите за економската моќ на занаетчиството. Преку имиџ-кампањата е направен обид овие ставови да се сменат и да се претстави занаетчиството во вистинско светло.
Меѓутоа, г-дин Баден истотака додаде: „Мора да признаеме дека дури и совршената имиџ-кампања нема да ни користи многу ако нашите квалитети не одговараат на потребите на модерното време и ако ние постојано не се усовршуваме."
Тој го заврши својот говор цитирајќи една од пораките на кампањата: „На почетокот беше небото и земјата, сè останато создадовме ние."

# Новите мајстори чествуваа

## Свечено доделување на мајсторски дипломи

Како дел од врзаните настани кои го обележаа Годишното собрание на Балканската канцеларија за занаетчиство и малостопанство беше и свеченото доделување на мајсторски дипломи. На мајсторите, дипломите им ги врачија Министерот за економија г-дин Фатмир Бесими и Главниот извршен директор на ЗК Кобленц г-дин Александер Баден. Посакувајќи им натамошен успех во работата тие им порачаа да продолжат со сопственото надградување и усовршување, бидејќи тоа е единствениот начин да продолжат да чекорат по патеката на успешноста. Видливо возбудени, мајсторите овој момент го доживеаа како круна на нивната досегашна работа и потврда за квалитетот кој го нудат. Со бран нова енергија си заминаа чествувајќи го овој ден на свој начин, притоа размислувајќи за трудољубиво изодениот пат на занаетот.



Долгоочекуваниот ден - добивањето на мајсторските дипломи беше голема свеченост за мајсторите. Фото ЗКРМ


Г-дин Имерали Бафтијари од министерството за економија им честита на мајсторите. Фото ЗКРМ

# Жените занаетчии во Вараждин

## Балканскиот сојуз на жените во занаетите организираше обука на тема „Маркетинг, учество на саеми, реклама и односи со јавноста"

Околу 35 жени, претставнички на 10 земји од коморите членки на Балканската канцеларија за занаетчиство и малостопанство земаа учество на дводневен семинар во Вараждин, Хрватска. Темата на семинарот беше „Маркетинг, учество на саеми, реклама и односи со јавноста."

Петте претставнички од Македонија: Билјана Стефановска, Сунчица Илиевска, Валентина Крмова, Моника Атанасова и Љуљзиме Османи имаа можност од германските експерти да чујат нешто повеќе за начините да се дојде до поголем економски успех преку сопствено претставување на Европските пазари. Предавачи беа г-дин Ханс Јирген Аберле од Централното здружение на германското занаетчиство, г-дин Ролф Вајдман и г-ѓа Ивон Најзер од Занаетчиската комора Кобленц. На учесниците на семинарот тие им посочија и компаративни германски примери за претставување на саем, за рекламирање и за односи со јавноста. На семинарот се зборуваше и за потребата од доследност на корпоративниот идентитет и за одредени стратегии на продажба. Она што им останува на учесничките е да го осознаат посоченото искуство и применат во својата секојдневна работа.


Балканските жени во занаетите ги слушаат предавањата на германските експерти. Фото:ЗКРМ

# За улогата на жените...

## Годишно Собрание на Балканскиот сојуз на жените во занаетите (БСЖЗ) и конференција на тема „Улогата на жените во Европа и Балканот во минатото и сегашноста"


Дел од членките на Балканскиот сојуз на жените во занаетите. Фото: ЗКРМ

Во Враца, Бугарија од 21 до 24 јуни, 2010 година се одржа Годишното собрание на Балканскиот сојуз на жените во занаетите (БСЖЗ). На него присуствуваа жените претприемачки од 10 балкански замји. Настанот кој беше во организација на МББ на Дневен ред имаше предлог и избор на нова претседателка, избор на лого на БСЖЗ и промена во Статутот на БСЖЗ. Заблагодарувајќи и се на г-ѓа Флутура Џабија за своите заложби во изминатата година, а следејќи го азбучниот принцип на претседателствување, според кој претседателството го презема Бугарија, членките на БСЖЗ едногласно ја избраа досегашната Претседателка на ЗК Враца г-ѓа Жасмина Иванова за нова Претседателка. Потоа следеше избор на логото, заштитниот знак на сојузот кое ќе биде обележје на сите материјали. На Собранието се надоврза и конференцијата „Улогата на жените во Европа и на Балканот во минатото и сегашноста", каде со свои излагања се претставија г-ѓа Урсула Јахник, г-ѓа Јута Баден и г-ѓа Албена Георгиева.

# Годишно собрание на ЗКРМ

Сумирање на резултататите од минатата година и планирање за 2010



Од годишното Собрание на ЗКРМ. Фото:ЗКРМ

На 15 април 2010 година се одржа редовното годишно Собрание на Занаетчиската комора на Република Македонија.

На Собранието се дискутираше по прашања од следниов дневен ред:

1. Усвојување на записник бр.1 од седницата на Собранието одржана на 04.11.2009
2. Разгледување и усвојување на предлог годишен извештај за работа на ЗКРМ.
3. Разгледување и усвојување на предлог програма за работа на ЗКРМ за 2010и
4. Разгледување и усвојување на предлог финансов план на ЗКРМ за 2010
5. Избор на потпретседател на УО по предлог на Управен одбор на ЗКРМ
6. Разно

Дискусијата резултираше со прифаќање на предлог годишниот извештај за 2009 година и усвојување на предлог програмата и предлог финансискиот план за 2010 година. За нов потпретседател на Управниот одбор се избра г-дин Шклъким Аголи од Регионалната комора Дебар. Седницата на Собранието ефикасно ја водеше и ја заврши Претседателот на Собранието г-дин Енвер Абди.

Гости на седницата на Собранието беа претставникот на Централното здружение на германското занаетчиство г-дин Михаел Олма и г-ѓа д-р Евелина Парванова од Занаетчиската комора Кобленц.

# Обука за проектен менаџмент

Вработените од регионалните и општински занаетчиски комори учествуваа на обуката



Тимската работа беше предуслов за добар проект. Фото :ЗКРМ

На 9 и 10 април, 2010 во хотел Романтик, во Велес се одржа обука за проектен менаџмент.
Таа беше наменета за вработените од регионалните и општинските занаетчиски комори, кои во иднина ќе работат на изготвување вакви проекти.
Во време кога на занаетчиите на располагање им стојат одреден број финансиски програми кои преку финансирање или кофинансирање можат да им помогнат во развојот на нивниот бизнис, одржувањето на ваква обука претставува неопходност и потреба.
Обуката ја водеше Александра Марковска од консултантската фирма „Фуд Консултинг", која на учесниците им укажа на основните принципи кои треба да се почитуваат при изработка на проектен план и им ги даде основните алатки за работа. Обуката беше динамична и интересна за учесниците бидејќи опфаќаше и практично пишување на проектот, но и негова евалуација.
Работилницата произведе тимски дух кој се одржуваше во текот на двата дена.

# Одбројување на деновите до „Денови на занаетчиството“

**Во подготовка на Манифестациите посветени на занаетчиството**



Венцо Крстев Претседател на РЗК Штип, Оливија Штерјова-Проектен координатор на Занаетчиска комора Кобленц, Зоран Алексов-Градоначалник на Општина Штип. Фото ЗКРМ.

Во пресрет на есента, ЗКРМ ги прави последните подготовки за големиот сплет од манифестации за промовирање на занаетчиството под наслов „Денови на занаетчиството“, проект поддржан од Министерството за економија.
Се работи за повеќе настани организирани низ цела Македонија со поставена цел да се подигне свеста за значењето на занаетчиството како значаен економски фактор во земјава. Во организацијата на манифестациите ќе учествуваат неколку регионални занаетчиски комори кои во координација со Занаетчиската комора на Република Македонија ќе се обидат да го доближат поимот занает до јавноста.

Како придружен елемент на настаните предвидена е и медиумска кампања. Еден од партнерите во овие збиднувања е општина Штип која со РЗК Штип склучи Меморандум за соработка. Со него се предвидува поддршката која локалната самоуправа ќе и ја даде на оваа манифестација која е од голема важност за занаетчиството.


**Средно стручно училиште за угостителство и туризам „Лазар Танев“ на град Скопје**

Стрезово бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
389(0)23085035; 389(0)23086292; 389(0)23085036;
389(0)70360095; 389 (0)75360095
е-маил: ltanev@hotmail.com

**Ги нуди слудните улуги:**
**Простор за одржување на:**
- семинари
- промоции
- презентации
- прослави
- банкети

**Подготовка на:**
- коктели
- ручеци
- закуски

**Услуга**
- опрема
- послужување
- аранжирање
- транспорт

**Специјален попуст ( 10-20%) за членовите на Занаетчиската комора на Р.М.**




# Инвестираме во идниот занаетчиски кадар

Со пилот-проектот се оценува имплементацијата на Законот за стручно образование и обука



Вчера чирак, денес калфа, утре мајстор - учениците од АСУЦ „Боро Петрушевски" заедно со организаторите на пилот проектот. Фото ЗКРМ.

Во улога на социјален партнер во областа на стручното образование и обука, ЗКРМ заедно со својот партнер ЗК Кобленц, прави напори да се имплементира Законот за стручно образование и обука од 2006 година. Во таа насока, нашата комора - членка ЗК Скопје веќе 3 години го развива пилот-проектот со АСУЦ „Боро Петрушевски" и една година со СУГС „Димитар Влахов" од Скопје. Следејќи ја законската регулатива, актуелното средно стручно образование и обука треба да се обликува по примерот на дуалниот образовен систем според кој, во училиштата се изведува општо и стручно-теоретско образование и практична обука а се дава можност практичната обука дополнително да се врши и кај работодавачи.

# Возењето на пилот-проектот со АСУЦ

Првата генерација на пилотирани ученици го заокружи своето образование

Пилот-проектот со АСУЦ „Боро Петрушевски" датира од учебната 2007/2008 година. Негова главна цел е да се збогати практичната обука, дотогаш изведувана единствено во училишните работилници, со пракса во реални работни услови, т.е во авто-сервисите од Скопје.

Во пилот-проектот учествуваа ученици од насоката каросериски автомеханичар кои дополнителните часови за практична обука ги држеа во 10 приватни сервиси од Скопје. Таму учениците имаа можност практично да го применуваат теоретското знаење здобиено од училишните клупи. По тригодишно пилотирање, процентот на практична обука кај работодавци изнесува 50% од вкупно предвидената практична обука, наспроти 50% кои отпаѓаат на практичната обука во училишната работилница.

### *Резултати од анкета*

За да се провери успешноста на проектот, ЗК Скопје спроведе анкета врз мајсторите кои имаа земено ученици на обука. Оттаму може да се утврди дека тие се потполно задоволни од новиот начин на изведување на наставата и дека повторно би примиле ученик на обука во својот сервис. Според нив, бројот на практични часови е пожелно да се зголеми. Дел од мајсторите ги мотивирале своите ученици со покривање на патните трошоците а дел од нив и им исплаќале дополнителни средства. Дури 70% од мајсторите би ги имале предвид учениците кои кај нив ја посетувале обуката за вработување. Овие показатели говорат за тоа дека пилот-проектот е успешен пример за имплементација на Законот за средно стручно образование и дека измените во него ќе им помогнат на учениците да се справат со предизвикот наречен вработување создавајќи од нив личности со вештини и компетенции. На тој начин, со квалитетни млади занаетчии кои веднаш можат да започнат со работа ќе се намали и стапката на невработеност во нашата земја. Годинава, првата генерација на ученици-учесници на пилот-проектот го заокружи своето образование. Од таа група излегоа ученици подготвени да се претставaт на пазарот на трудот, а еден од нив доби и конкретна понуда за работа од сопственикот на сервисот во кој ја имал практичната обука. Со свечена завршна манифестација, ЗК Кобленц, ЗК Скопје и ЗКРМ заедно со Министерството за образование и наука, Центарот за средно стручно образование и обука им се заблагодарија на сите директни учесници, но пред сè на учениците за нивното учество во пилот-проектот.

# Време за сумирање на резултати

За иднината на пилот-проектот со сите засегнати страни



Директните и индиректни учесници во пилот-проектот за имплементација на Законот за средно стручно образование.Фото: ЗКРМ

Германските експерти за образование г-дин Михаел Валвеј и г-дин Фолкмар Кат, членови на проектниот тим престојуваа во Македонија со цел да го проследат развојот на пилот-проектот и да ги договорат следните чекори.
Тие одржаа одделни мотивациски семинари со учениците од СУГС „Димитар Влахов"и мајсторите фризери и козметичари, кои учествуваат во пилот-проектот и се соочија со нивните ставови по однос на неговото развивање. Сјајот во очите на учениците, еланот со кој тие ги пренесуваа своите први искуства со клиентите, но и ангажираноста на нивните мајстори говори во прилог на тоа дека пилот-проектот и во ова средно стручно училиште е на вистински пат.
Потоа се одржа работна средба на која покрај експертите учествуваа и претставници од Министерството за образование и наука, од Центарот за стручно образование и обука, претставници од СУГС „Димитар Влахов", претседателите на секциите за автомеханичари, козметичари и фризери и се разбира домаќините од Занаетчиската комора Скопје.
На средбата меѓу другото се утврди актуелната состојба на пилот-проектот, се разговараше за неговите евентуални слаби страни и нивните можни решенија. Генерално се констатира дека тој ќе продолжи да функционира и понатаму со истата група на ученици во втора и трета година, но сега веќе со задолжителен предзнак, а секако дека ќе им се понуди и како можност на новозапишаните ученици во учебната 2010/2011 година да учествуваат во него и да ја извршуваат својата практична обука во салоните покрај мајсторите.

### *Практичната обука во СУГС „Димитар Влахов" претрпе разубавување*

Во првата година од изведувањето на пилот-проектот во СУГС „Димитар Влахов" праксата во салоните кај мајсторите фризери и козметичари беше незадолжителна т.е. на доброволна основа. Оние ученици кои прифатија да учествуваат, беа распоредени по фризерските и козметичарските салони со кои и потпишаа соодветни договори. Практичната обука во салоните траеше по неколку часа, неколку пати во неделата. За подобро уредување на меѓусебните односи мајстор-ученик е изготвен и Кодекс на работно однесување од страна на Занаетчиската комора Скопје и училиштето.
На крајот на првата година од пилот-проектот кај учениците се забележува веќе развиена амбиција за професијата која ја изучуваат и за која се обучуваат, амбиција, олицетворена во огромната нескротлива желба присутна кај оние кои се обучуваат за фризери што поскоро да почнат да потстрижуваат.
Во нивни и во рацете на нивните другари од новозапишаните генерации останува развивањето на проектот во иднина.

### *Неколку збора за образованието...*

По дефиниција стручното образование и обука е дел од образовниот систем кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.
Тоа ги опфаќа: средното стручно образование и обука, кое овозможува стекнување со прво, второ и трето ниво на стручни квалификации и постсредното стручно образование и обука кое овозможува стекнување со четврто ниво на стручни квалификации.
За завршениот степен се добива соодветно: уверение за стручна оспособеност, диплома за завршен испит, диплома за државна матура, диплома за специјалистичко образование или диплома за мајсторски испит.

# Мајсторството-посебен тип на пост-средно образование

**Интервју со г-ѓа м-р Роза Арсовска, Советник во ЦСОО**



Соработката на ЗКРМ како социјален партнер со Центарот за стручно образование и обука (скратено ЦСОО) е интензивна и затоа во овој број посветен на образованието сакаме да ги претставиме конкретните активности на токму оваа институција. Наш соговорник е г-ѓа м-р Роза Арсовска, Советник во ЦСОО.

**ЗКРМ: Почитувана г-ѓа Арсовска, Ве молиме за неколку информации за ЦСОО.**

Р.А.: Центарот за стручно образование и обука е професионална институција која постојано го следи брзиот технолошки развој, гради социјално партнерство, изготвува стратешки документи, модели на курикулуми, им дава поддршка на наставниците, го поддржува развојот на стручното образование и обука, постсредното образование и образованието на возрасните согласно европските стандарди, а воедно, се залага и за промовирање и етаблирање на филозофијата за доживотно учење.

**ЗКРМ: Поводот за интервјуто се новините во пост-средното образование, Ве молиме нешто повеќе за тоа...**

Р.А.: Најнов стратешки документ кој го изготви Центарот во соработка со сите заинтересирани субјекти (коморите, универзитетите, стручните училишта, Бирото за развој на образованието, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и синдикатот) е Концепцијата за пост-средно образование.

Концепцијата претставува општа рамка и појдовна основа за иновирање на пост-средното образование. Таа нуди основни принципи и ставови за структурата, содржината, процесот, квалитетот, организацијата, реализацијата и финансирањето на пост-средното образование. Во овој документ се почитуваат основните начела, принципи и ставови на кои се потпираше реформата на средното стручно образование во траење од четири години, а воедно претставува и документ кој ќе биде во корелација со најавените реформи во стручното образование за занимања.

**ЗКРМ: Она што ги интересира нашите занаетчии е како во тој контекст ќе се реализира мајсторството?**

Р.А.: Во концепцијата, за прв пат во образовниот систем, како посебен тип на пост-средно образование се издвојува мајсторството.

Мајсторството ќе се реализира преку воведување на мајсторски испит, кој им овозможува на кандидатите да се стекнат со квалитетни стручни знаења за вршење на занаетчиска дејност, знаења за практично оспособување и пренесување на сознанија на чираците и потребни знаења, вештини и способности за самостојно водење на занаетчиски дуќан.

Со успешно завршување на сите делови од мајсторскиот испит, мајсторите се стекнуваат со мајсторска диплома со која се потврдува нивната висока стручна подготвеност и конкурентност, како на домашниот така и на европскиот пазар. Мајсторскиот испит како што сакаме да го воведеме и димензионираме во нашата земја, го има во Словенија, Австрија, Германија, а делумно и во Франција и Холандија.

**ЗКРМ: Што се проверува со мајсторскиот испит?**

Р.А.: Со мајсторскиот испит се проверува колку кандидатите се оспособени за квалитетна самостојна, професионална, независна стручна работа, за организирање и водење на самостојна занаетчиска дејност и за практична обука на учениците и возрасните. Притоа, кандидатот треба да докаже дека има знаење за:

- исполнетоста на условите за носител на занаетчиска дејност во согласност со одредбите од Законот за вршење на занаетчиска дејност
- водење на самостојна занаетчиска дејност
- законодавството поврзано со вршење на занаетчиска дејност
- организација на сопствената работа и работата на другите во самостојниот занаетчиски дуќан
- пренесување на знаењата на учениците и возрасните
- подготовка на бизнис план и анализа на резултатите од работата
- обезбедување на квалитетна услуга, ги познава работните постапки, кои се предуслов за квалитетна услуга
- обезбедување на креативна работна средина во занаетчиски дуќан
- осигурување на безбедноста и усогласеноста со санитарната хигиена и технички прописи

**ЗКРМ: А кои би биле придобивките од мајсторски испит?**

Р.А.: Со стекнување на мајсторско звање, кандидатот се стекнува со:

- стручно образование;
- стручна квалификација,
- образовно ниво за вршење на занаетчиска дејност
- мајсторско звање и
- можност за пренесување на своите општи и стручни знаења на чираците и вработените

**ЗКРМ: Кој има право на полагање на мајсторски испит?**

Р.А.: Право на полагање на мајсторски испит има кандидатот кој се стекнал со:

- средно стручно образование и најмалку три години работно искуство во занимањето/подрачјето за кое се полага мајсторскиотиспит;
- општо средно образование и најмалку три години работно искуство во занимањето/подрачјето за кое се полага мајсторскиотиспит;

- најмалку више стручно образование и најмалку една година работно искуство во занимањето/подрачјето за кое се полага мајсторскиотиспит.

ЗКРМ: **Од колку делови се состои мајсторскиот испит?**
Р.А.: Мајсторскиот испит се состои од **четири дела**:
1. Практичен дел
2. Стручно-теоретски дел
3. Правно-економски дел
4. Педагошко-андрагошки дел

Во рамките на првиот и вториот дел од мајсторскиот испит се проверуваат практичните и стручно-теоретските знаења од областа на дејноста (со посебен фокус на занимањето) за која се полага испитот. Третиот дел опфаќа проверување на знаења од подрачјето на работоводење (економија, маркетинг, управување), правата на трговските друштва, специјални закони (промет, занаети, угостителство, трговија), работните и социјалните права, облигациони права, заштита на потрошувачите, финансиско работење, сметководство, правење на биланс, данок на додадена вредност, заштита на животната средина, екологија итн. Четвртиот дел опфаќа проверка на педагошко-андрагошките знаења и вештини неопходни за практичното учење на чираците (во занаетчиски дуќани).

ЗКРМ: **Како се спроведува мајсторскиот испит?**
Р.А.: Мајсторскиот испит го спроведуваат испитни комисии формирани од испитни одбори за:
- практичен и стручно-теоретски дел за секое мајсторско звање (по потреба вакви одбори може да се формираат и за цели региони);
- правно-економски дел (за сите мајсторски звања),
- педагошко-андрагошки дел (за сите мајсторски звања).

Начинот на проверката на постигањата на кандидатите за секој дел од мајсторскиот испит го утврдува надлежниот испитен одбор во согласност со подзаконските акти и испитните програми.

ЗКРМ: **Кои се роковите за завршување на мајсторскиот испит?**
Р.А.: Кандидатот мора да ги заврши сите делови од мајсторскиот испит во рок од пет години од денот на пријавувањето. Во спротивно, постапката за полагање на мајсторскиот испит престанува и кандидатот се брише од евиденцијата за полагање на мајсторски испит. Во случај, кандидатот да не го заврши мајсторскиот испит во рок од пет години, може повторно да се пријави за полагање на испитот но според условите и правилата кои важат во моментот на пријавувањето, без разлика што во претходниот обид успешно положил одредени делови од испитот.

ЗКРМ: **За крај, дали е предвидно да бидат признати одделни делови од мајсторскиот испит?**
Р.А.: На кандидатот што се стекнал со мајсторска диплома за одредена занаетчиска дејност, може да му се признаат посебни делови од положениот мајсторски испит, доколку сака да полага мајсторски испит за друга занаетчиска дејност.

VIZIJANET
turning vision into reality
**ВИЗИЈАНЕТ** - Скопје
+389 71 30 33 87;
+389 2 3120 087
contact@vizijanet.com.mk
ул„Мито ХаџиВасилев Јасмин" бр.18/1-6; п.фах 330; 1000 Скопје
Ние навистина веруваме дека Вашата визија ја претвараме во реалност.

Digips
Gips industry
Debar - Dibër

**Digips** - 1250 Debar, R.of Macedonia -
General Manager: Luan Axhirexha
mob. +389 (0)70 325 407; +389 (0)70 325 526
tel. +389 (0)46 832-407
e-mail: info@digips.com
**web: www.digips.com**















**издавачи:**
Занаетчиска комора Кобленц и Занаетчиска комора на Република Македонија
ул. Маршал Тито бр.47/1-2
1000 Скопје
**www.zkomora.mk**

**ISSN 1857-6931**

**редакција:**
Оливија Штерјова
Јасмина Масри
тел./факс: 02/ 3118 657; 02 / 3213 308
е-пошта: info@zkomora.mk; www.zkomora.mk